РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr. 10-270/2
14. 03 2024 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

[redacted]

**ПРЕДМЕТ: Одговор по Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Почитувани,

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од Ваша страна, по електронски пат доставено е Барање за пристап до информации од јавен карактер, заведено со наш архивски број 10-270/1 од 26.02.2024 година. Во продолжение бараните информации, редоследно согласно Вашето барање:

**1. Кои активности ги презедовте после донесената пресуда од страна на Судот во која што е утврдено дека Владата и Државната изборна комисија сториле директна дискриминација врз заедницата со попреченост, со тоа што не обезбедила никаква инфраструктура и простор во избирачките места со што не овозможила на лицата со попреченост да го остварат своето право на глас, а со тоа о попречиле и нивното активно учество во политичкиот живот на државата?**

КСЗД нема законски надлежности да презема дејствија за извршување судска пресуда. КСЗД во цитираната судска постапка има доставено amicus curiae (пријател на судот) поднесок, во кој даде толкување на членовите од Меѓународната конвенција за правата на лицата со попреченост на Организацијата на Обединетите нации кои се однесуваат на соодветното приспособување, општа пристапност, еднаквост и недискриминација vis a vis пристапот до гласачките места и овозможување лицата со попреченост да го остварат правото на глас, како дел од учеството во политичкиот и јавниот живот на лицата со попреченост. Дополнително, Комисијата во овој поднесок ќе изврши и краток преглед на судската пракса на ЕСЧП во предмети во кои судот утврдил дискриминација врз основ на попреченост, заради необезбедно соодветно приспособување. Воедно, КСЗД во 2021 даде општа препорака до ДИК за преземање на сите потребни дејствија во насока на обезбедување на пристапност и соодветно приспособување на гласачките места, со што ќе се овозможи еднаков пристап на лицата со физичка попреченост до и во гласачките места ширум земјата.

**2. Кои активности ги имате иницирано пред Владата за унапредување на политичкиот живот на граѓаните со попреченост согласно Конвенцијата за правата на лицата со попреченост?**

КСЗД има дадено општа препорака до Владата за имплементација на одредбите содржани во Конвенцијата за правата на лицата со попреченост во соодветното домашно законодавство со цел да се обезбеди и промовира остварувањето на човековите права и слободи на сите лица со попреченост без каква било дискриминација врз основа на попреченост. Општата препорака можете да ја најдете на https://kszd.mk/wp-content/uploads/2021/12/%D0%9E%D0%BF%D1%88%D1%82%D0%B0-%D0%BF%D1%80%D0%B5%D0%BF%D0%BE%D1%80%D0%B0%D0%BA%D0%B0-%D0%9A%D0%9F%D0%9B%D0%9F.pdf


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

**3. Со оглед на тоа што самиот Устав ги прекршува граѓанските и политичките права на заедницата со попреченост, дали во изминатава година сте покренале иницијатива за надминување на оваа состојба и примена на обврските од меѓународните договори?**

Во изминатата година не, но општата препорака од крајот на 2021 година се однесува на целосна примена на Конвенцијата како клучен меѓународен договор за заштита и унапредување на правата на лицата со попреченост.

**4. Дали КСЗД покренал иницијатива за правична застапеност на лицата со попреченост во законодавната, извршната и судската власт?**

КСЗД нема покренато иницијатива за правична застапеност на лицата со попреченост во законодавна, извршна и судска власт.

**5. Дали КСЗД покренала иницијатива за правична застапеност на лицата со попреченост во своите структури?**

КСЗД нема покренато иницијатива за правична застапеност на лицата со попреченост во своите структури.

**6. Изминативе години колку поплаки има поднесено од лицата со попреченост дека им оневозможено правото на глас?**

КСЗД нема добиено поплаки од лицата со попреченост дека им е оневозможено правото на глас.

**7. Со оглед на тоа што самиот Устав ги прекршува граѓанските и политичките права на заедницата со попреченост, дали како организација за човекови права во изминатава година сте покренале иницијатива за надминување на оваа состојба и примена на обврските од меѓународните договори, како на пример измена на Уставот ?**

КСЗД нема покренато иницијатива за измена на Уставот.

Ви стоиме на располагање за сите евентуални дополнителни информации.

Со почит,

ПРЕТСЕДАТЕЛ

Игор Јадровски


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk